OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТ

Скопје, 8 март 2017г.

# Нова и модерна веб платформа за електронско банкарство за правни лица од Охридска банка Сосиете Женерал

Во рамките на активностите за дигитална трансформација на банкарското работење и дополнително приближување на производите и услугите на Охридска банка Сосиете Женерал кон своите клиенти, од денеска, за корпоративните клиенти достапна е нова, подобрена веб платформа за управување со корпоративните банкарски сметки на клиентите.
Имено, новата платформа во рамките на услугите за електронското банкарство на Охридска банка Сосиете Женерал – ОБСГ Нет, им нуди можност на компаниите на едноставен, брз и пред сѐ безбеден начин, да управуваат со нивните денарски и девизни сметки, во било кое време, каде и да се.

Збогатена со бројни функционалности новата платформа поседува понапредни алатки за уште поедноставно користење. Дел од придобивките на новата платформа се: неограничен пристап до клиентските сметки 24/7 секаде во светот; можност за преглед на трансакциите и состојба на сметките во секое време; увид и во сметките на другите компании каде што корисникот на електронско банкарство е овластен потписник; сигурност, трајност и безбедност на податоците; едноставно извршување на плаќањата; без надомест за инсталација; достапна е на македонски и англиски јазик; достапна е и за нерезидентни правни лица, кои отсега ќе можат да вршат и плаќања преку електронското банкарство; и уште многу друго.

- Достапноста на банкарските услуги, особено кај бизнис-сегментот, е од исклучителна важност за непречено одвивање на секојдневните активности. Дигиталната трансформација низ која поминуваат речиси сите индустрии е од особена важност за стекнување на конкурентска предност и постигнување на високо ниво на корисничко задоволство. Навиките и трендовите се менуваат. Ако пред само неколку години, секоја коресподенција или трансакција помеѓу компаниите и банките се одвиваше исклучиво во експозитурите, денес,

OHRIDSKA BANKA
SOCIETE GENERALE GROUP

клиентите едноставно можат да управуваат со нивните банкарски сметки преку овие "мобилни канцеларии". Она што оваа нова, надградена и модерна платформа им го гарантира на клиентите е пред сè, високо ниво на безбедност, лесна и едноставна навигација низ понудените опции и прикази како и достапност согласно нивните потреби – изјави **Нина Неданоска**, Директорка на секторот корпоративно и инвестициско банкарство во Охридска банка Сосиете Женерал

Новата надградена платформа е достапна на истата адреса, и клиентите можат да пристапат кон неа со постојните пристапни информации (истиот сертификат и PIN-број издаден од Охридска банка Сосиете Женерал, или сертификат издаден од кои било други издавачи на сертификати).

Подетални информации за новата платформа за електронско банкарство за правни лица, клиентите можат да добијат на www.ohridskabanka.mk.

*За Охридска банка Сосиете Женерал*

*Охридска банка Сосиете Женерал е универзална банкарска институција која припаѓа на една од најголемите финансиски групации во светот – групацијата Сосиете Женерал. Со повеќе од 146.000 вработени, со присуство во 66 земји, групацијата Сосиете Женерал опслужува 31 милион клиенти низ целиот свет повеќе од 150 години. Охридска банка Сосиете Женерал функционира според високите стандарди на Сосиете Женерал, почитувајќи ги четирите главни вредности на Групацијата: тимски дух, иновација, посветеност и одговорност. Основната стратегија на Охридска банка Сосиете Женерал е постојаното унапредување на квалитетот на извршувањето на банкарските услуги и нејзината целосна посветеност да ги задоволи потребите на своите клиенти. Преку своето седиште во Скопје и широката мрежа од 27 експозитури на територијата на Македонија, Охридска банка Сосиете Женерал има за цел да биде поим за банкарски односи, препознатлива на пазарот, блиска до клиентите, избрана поради својот квалитет и посветеноста на нејзините тимови. Охридска банка Сосиете Женерал во 2016 година е носител на три награди во категоријата „Најдобра банка во Македонија" од трите најважни банкарски авторитети - "Global Finance", "Euromoney" и "The Banker".*

**Контакт за медиуми на Охридска банка Сосиете Женерал**

Елена Глигоровска
Раководител на Дирекција за корисничко искуство, маркетинг и комуникации
e-mail: komunikacii@ob.com.mk
Тел: +389 (0)2 3 167 709

Гордана Јовановска
Специјалист за маркетинг и комуникации
e-mail: komunikacii@ob.com.mk
Тел: +389 (0)2 3 161 649